Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Р.Македонија" бр. 53/05; 81/05; 24/07; 159/08; 83/09; 48/10; 124/10; 51/11; 123/12; 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на Р.С.Македонија" бр 89/22 и 171/22), **Општина Штип,** на ден 07.10.2024 година, донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За урбанистичка документација за ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД УРБАНА ЕДИНИЦА ЦЕ.01.01 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП, /Плански опфат помеѓу улиците:од север опфатот е дефиниран по осовината на улица ,,Охридска, од исток опфатот е дефиниран по осовина на улица ,,Христо Ботев"и осовината на улица ,,29 ти Ноември", од југ опфатот е дефиниран по регулациона линија на улица ,,Иво Лола Рибар" и по осовина на пешачка улица, од запад е дефиниран по осовина на улица ,,Гоце Делчев"/, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, програмска задача финансирана од страна на нарачател-инвеститор, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена ќе се објавува на веб страната на www.stip.gov.mk.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на Одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на планскиот документ за ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД УРБАНА ЕДИНИЦА ЦЕ.01.01 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП, /Плански опфат помеѓу улиците:од север опфатот е дефиниран по осовината на улица ,,Охридска, од исток опфатот е дефиниран по осовина на улица ,,Христо Ботев"и осовината на улица ,,29 ти Ноември", од југ опфатот е дефиниран по регулациона линија на улица ,,Иво Лола Рибар" и по осовина на пешачка улица, од запад е дефиниран по осовина на улица ,,Гоце Делчев"/, нема да има влијание врз животната средина од следните причини: Целокупните активности во оваа област ќе се насочуваат кон обезбедување на непречен просторен развој,при што би се обезбедила квалитетна,здрава и хумана средина за живот и работа. Согласно ГУП от, предметниот локалитет се наоѓа во непосредна близина на централното градско подрачје.Планскиот опфат којшто е предмет на изработка зафаќа вкупна површина од 6 558,27м2 .Цел на планот е донесувањето на планскиот документ за ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД УРБАНА ЕДИНИЦА ЦЕ.01.01 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП, се јавува поради потребата за изградба на нови површини за градба. Површината на опфатот на овој план во рамките на усвоениот ГУП и предложениот ДУП е наменета за: простор наменет за семејни куќи, за заеднички објекти, за јавни објекти и за услужни дејности.Бидејќи планската задача е со веќе однапред дефинирана цел и со дадени насоки од нарачателот се наложува потребата за изработка на урбанистичка документација со која искористеноста на парцелата ќе се зголеми т.е. ќе се зголеми коефициентот на искористеност и процентот на изграденост но секако согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичкото планирање(Сл. Весник на РМ бр. 63/2012).

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање преку Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животна средина при Општина Штип во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.УП 1 18/24-134
Штип
09.10.2024г.

Градоначалник
на Општина Штип
Иван Јорданов